Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

До
Здружение Фолклорен Ансамбл
Александар Турунцев
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 03-707/2
13.04.2022 год.
КОЧАНИ

Врска: Барање (наш бр.09-707/1 од 08.03.2022 г.)

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

До Советот на Општина Кочани имате поднесено Барање (наш бр.09-707/1 од 08.03.2022 г.) со кое барате Општина Кочани да ви додели соодветен простор за ваши активности, два часа неделно кои општтината ќе ги определи..

Вашето Барање беше разгледано на координација на Советот на Општина Кочани и по однос на истото Ве известуваме дека:

- Согласно член 21 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) недвижните ствари во сопственост на општините, Советот на општината, со одлука може времено или трајно да ги дадат на користење, со или без надоместок, **на државни органи и на правни лица основани од државата.**
- **Оттука, Општина Кочани Ве известува дека на правни лица кои не се основани од државата може да дава простор или објект само во постапка под закуп согласно одредбите од наведениот Закон. Доколку имате интерес за учество во ваква постапка, потребно е да се обратите до службите во Општина Кочани со цел добивање на дополнителни информации.**

Со почит,

Претседател на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев